# Информатичкиот напредок и дигиталната трансформација на Македонија: status loading...



Краток осврт на Извештајот од Европската Комисија за напредокот на Македонија за членство во ЕУ

Институтот за развој на електронски комуникации четврта година по ред, објавува краток осврт за Поглавјето 10, како и за деловите што се однесуваат на медиумите, информатичкото општество и дигиталната трансформација, во однос на Извештајот од Европската комисија за напредокот на Македонија за почетокот на преговори за членство во Европската Унија.

Европската комисија смета дека Македонија е умерено подготвена или подобро кажано има ограничен напредок во сферата на медиумите и информатичкото општество. ИНРЕКОМ смета дека и овој извештај дава реална слика, како и во минатото, а во однос на медиумската сфера и дигитализацијата на македонското општество.

Најмногу забелешки од страна на Европската комисија има во однос на усогласувањето на законодавството, а најчесто тие негативно ја оценуваат власта.

Препораките кон македонската влада се:

- Нефинализирањето, а со тоа и усвојувањето на стратегијата за информатичка и комуникациска технологија;
- неусогласувањето на националното законодавството со европскиот кодекс за електронски комуникации;
- неусвојувањето на ЕУ директивата за намалување на трошоците за широкопојасен интернет;
- неусогласувањето со ЕУ регулативата за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции во внатрешниот пазар (регулативата eIDAS);
- неусвојувањето на ЕУ директивата за безбедност на мрежни и информациски системи и на т.н. 5G прирачник, преку предлогот Закон за безбедност на мрежи и информатички системи;
- неусогласувањето на постојните закони за електронски комуникации и аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со европското право;
- одложувањето на имплементацијата на националниот бродбенд план (познат како план за широкопојасен интернет);

Дополнително, ЕУ вели дека е потребно да се развие и усвои стратегија за развој на дигиталните вештини и дигитална писменост како дел од образовната стратегија. Комисијата повторно ја нотира состојбата со одложувањето на изборот на нови членови на Советот на АВМУ и Програмскиот совет на МРТ.

Сепак, не преовладуваат само негативни оценки во извештајот, Комисијата позитивно гледа на следните активности на Владата, меѓу кои:

- учеството и спроведувањето на Дигиталната агенда за западниот Балкан, преку целосното укинување на роамингот помеѓу шестте балкански држави;
- доделувањето на фрекфенциите за 5G на двата мрежни оператори од страна на АЕК;

- усвојувањето на правната рамка во однос подзаконските акти кои се однесуваат безбедносните одобренија за инсталирање на 5G опреми од страна на операторите;
- усвојување на Националната стратегија и акционен план за градење на отпорност и соочување со хибридни закани, документ што овозможува широк опсег на активности за справување со дезинформации и други хибридни закани;
- потпишувањето на Декларацијата за иднината на Интернетот, која ги поставува визијата и принципите на доверлив Интернет;
- воведувањето на бројот за итни случаи - 112, иако се упатува на подобрување на функционирањето на бројот, преку подобрување на комуникацијата помеѓу службите за итни случаи

Во однос на регулаторните тела од областа на електронските комуникации и аудиовизуелните медиумски услуги, Европската комисија забележува голема загриженост околу нивната независност, Дополнително, ЕК предлага вложување поголеми напори во капацитетите на регулаторните тела во Македонија. Во однос на ова прашање, ИНРЕКОМ има објавено анализа која можете да ја прочитате тука.

Од друга страна, Комисијата позитивно го забележува проактивното учество на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) во однос на промовирањето на медиумската писменост, родовата еднаквост, како и во осудата на притисоците и заканите врз новинарите и медиумите. Позитивно се гледа и кон транспарентноста на овој регулатор, во однос на регистрите на радиодифузерите и печатените медиуми. Сепак, забележано е отсуството на законска регулација на онлајн медиумите во делот на објавувањето информации за сопственоста и немањето на регулација.

Во однос на Владата и Министерството за информатичко општество и администрација, Европската комисија смета дека е потребно вложување поголеми напори кон дигитална трансформација во државата. ЕУ забележува незначителен напредок во однос на електронските услуги што започнале да се нудат преку националната платформа uslugi.gov.mk. Во однос на националниот регистар на населението потребно е континуирано синхронизирање со другите регистри на државните институции.

Патот кон ваквиот напредок и модернизација, треба да води преку дигитализација на администрација и нејзина подобра внатрешна соработка. Немањето на интероперабилност односно поврзаност помеѓу институциите, сè уште е негативно оценето. Како причина се наведува недостатокот на волја за целосно искористување на можностите за поврзување меѓу институциите, но и недостатокот на наменски софтвер кај одредени чинители.

Европската комисија забележува дека Владата го задржала дискреционото право при распределбата на средства кон регулаторот АВМУ, јавниот радиодифузен сервис Македонска радио телевизија и кон ЈП Македонска радиодифузија. Со тоа, трите институции не го добиваат законски пропишаниот износ и истиот е дополнително намалена во споредба со износот од 2019 година. Па така, наместо 1%, Владата одвоила само 0,59% од буџетските средства, со што се остава простор за влијанија врз нивната работа.

Од друга страна, Комисијата негативно го нотира платеното политичко рекламирање во медиумите за време на изборите од државниот буџет. За истото, повикува на ревидирање на регулативата поради можното влијание врз медиумите.

Комисија забележува дека Националниот совет за сајбер безбедност кој е составен од повеќе министерства сѐ уште не е во функција. ЕК предупредува дека важноста на Националната стратегија за сајбер безбедност и акциониот план завршуваат на крајот на 2022 година, а новата стратегија сѐ уште е во фаза на подготовка.

Во делот за медиумите, Македонската радио телевизија и слободата на изразување, Македонија е оценета умерено подготвена, односно постигнат е ограничен напредок во смисла на критичкото медиумско известување. Саморегулацијата на медиумите исто така треба да продолжи и да се засили давајќи практични резултати во насока на подобрување на професионалните стандарди во новинарството.

Дополнително, ЕУ ја нотира потребата за подобрување на работничките и социјални права на новинарските работници, а воедно апелира да се засилат активностите во насока на заштита на новинарите и процесирање на пријавите за напади врз новинари.

Во однос на националниот сервис МРТ, континуираното намалување на државното финансирање, го попречува развој на јавниот радиодифузен сервис. ЕК причината ја гледа во неизнаоѓањето на решенија за старите долгови на јавниот сервис кон државните институции, вклучително и за спроведување поволни судски пресуди во однос на просториите на јавниот сервис. Комисијата исто така гледа со резерва и на независноста на македонски јавен радиодифузен сервис.

Од ЕК алармираат околу отсуството регулатива за онлајн медиумите, особено поради моќта за ширење на дезинформации и говор на омраза. Комисијата укажува на потребата за кампањи за да се зајакне отпорноста наспроти дезинформациите, а воедно позитивно гледа и на владината забрана на руски канали во Македонија, согласно Законот за рестриктивни мерки, за ширењето на дезинформации.  Во однос на говорот на омраза, ИНРЕКОМ спроведе истражување кое може да го прочитате тука.

Институт за развој на електронски комуникации Скопје

Октомври, 2022 година